„Тој што јава ќе го поселами тој што пешачи, пешакот ќе го поселами тој што седи, а помалата група ќе ја поселами поголемата

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Тој што јава ќе го поселами тој што пешачи, пешакот ќе го поселами тој што седи, а помалата група ќе ја поселами поголемата.“ Во книгата на имам Бухари е запишано: „Помладиот нека му даде селам на постариот, тој што поминува на тој што седи, помалата група на поголемата група.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè упатува на правилата при поздравувањето со селам: „Еселаму алејкум ве рахметуллахи ве берекатуху.“ Помладиот ќе го поздрави постариот, тој што јава ќе го поздрави оној што оди пеш, тој што оди ќе го поздрави тој што седи, а помалата група ќе ја поздрави со селам поголемата.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4243

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee